NPWE
NATIONAL PLATFORM FOR WOMAN ENTREPRENEURSHIP

This project is cofounded by EU
Проектот е кофинансиран од ЕУ



# ЗЕЛЕНА ТРАНЗИЦИЈА НА БИЗНИСИТЕ

EU with YOU

Здружение на БИЗНИС ЖЕНИ

СОЈУЗ НА СТОПАНСКИ КОМОРИ НА МАКЕДОНИЈА

MIR FOUNDATION

**Документ за јавни политики**

**Национална платформа за женско претприемништво**

# ЗЕЛЕНА ТРАНЗИЦИЈА НА БИЗНИСИТЕ

Скопје, јуни 2023 година

**Документ за јавни политики**

**Издавач:**

Националната платформа за женско претприемништво

**Автор:**

Епи Центар Интернационал

**Организациски одбор:**

Валентина Дисоска и Маја Савеска

Скопје, јуни 2023 година

Документот е изработен со поддршка на Европската Унија. За содржината одговара авторот, Здружението на бизнис жени во соработка со Фондација за менаџменти индустриско истражу-вање и Сојуз на Стопански комори и истиот не ги изразува гледиштата на ЕУ.

# Содржина

**НАЦИОНАЛНА ПЛАТФОРМА ЗА ЖЕНСКО ПРЕТПРИЕМНИШТВО....... 4**
**ИЗВРШНО РЕЗИМЕ....... 6**
**ВОВЕД ....... 8**

Дефинирање на зелена транзиција....... 8
Што е она што го прави еден бизнис "зелен"?....... 9
Зелена транзиција и жени претприемачи ....... 10

**ЦЕЛИ ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ ....... 13**
**ПОЛИТИКИ, МЕРКИ И РЕГУЛАТИВА....... 17**
**ЗЕЛЕНА ТРАНЗИЦИЈА НА НАЦИОНАЛНО НИВО....... 20**

Зелена Агенда....... 20
Европска Банка за обнова и развој ....... 22
Обновливи извори на енергија....... 23
Дигитализација ....... 25

**ЗЕЛЕНА ТРАНЗИЦИЈА НА РЕГИОНАЛНО НИВО ....... 28**

Србија....... 28
Албанија ....... 29

**ЗЕЛЕНА ТРАНЗИЦИЈА НА МЕЃУНАРОДНО НИВО**

Европска Унија....... 31
Европска Банка за обнова и развој ....... 34

**ЗАКЛУЧОЦИ ....... 36**
**ПРЕПОРАКИ....... 37**

Генерални....... 37
Секторски....... 38

# НАЦИОНАЛНА ПЛАТФОРМА ЗА ЖЕНСКО ПРЕТПРИЕМНИШТВО

Проектот "Национална платформа за женско претприемништво" започна со имплементација во 2019 година и се спроведува од страна на Здружението на бизнис жени, Фондацијата за менаџмент и индустриско истражување и Сојузот на стопански комори на Македонија, со финансиска поддршка од Европската Унија.[1]

Цел на проектот е зајакнување на капацитетите на граѓанските организации за креирање јавни политики, како и застапување на женското претприемништво, преку создавање на единствена платформа како инструмент кој ќе ги застапува интересите на жените претприемачи на сите нивоа. Формирањето на Националната платформа како основа на проектот претставува уникатен пример за обезбедување на поддршка на жените за водење на бизнис, со информации и услуги на едно место.[2]

Специфичните цели на проектот се насочени кон воспоставување на дијалог, како и вмрежување меѓу засегнатите страни за женско претприемништво на национално и локално ниво, унапредување на капацитетите на граѓанските организации, соработка со националните и локалните власти, промовирање на жените претприемачи и нивно застапување како двигатели на промените во јавната политика.[3]

Создавањето на платформата за женско претприемништво е од исклучителна важност и претставува основа за воспоставување соработка помеѓу националната/локалната власт и деловната заедница во корист на економското зајакнување на жените. Идејата за проектот произлегува од фактот дека инвестирањето во жени е едно од најефикасните средства за зголемување на еднаквоста и промовирање на инклузивен и одржлив економски раст. Поврзувањето на приватниот сектор со институциите ќе придонесе за развој на претприемачката свест и платформата создава можност за креирање на заеднички политики кои ќе придонесат за општото добро.

Во рамки на проектот, се спроведуваат голем број на активности за поддршка на жените претприемачи како едукација, лобирање, размена на информации и искуства, менторство итн. Важни да се истакнат се организираните вебинари и обуки за лобирање и застапување, како и голем број на студиски посети во рамки на кои се разменуваат значајни

[1] Национална платформа за женско претприемништво, www.weplatform.mk
[2] Национална платформа за женско претприемништво, www.weplatform.mk
[3] Национална платформа за женско претприемништво, www.weplatform.mk

искуства и знаење преку кои може да се влијае на примена на мерки за поддршка на жените во нашата држава. Една од уникатните карактеристики во рамки на платформата е формирањето на т.н. хабови, амбасадори и локални совети формирани во мнозинство од општините во Република Северна Македонија во рамки на кои се придонесува директно на терен на локален развој согласно локалните специфични потреби на жените претприемачи. Платформата од 2021 година организира и годишен Самит на женско претприемништво кој претставува значајна манифестација на која се создава јавно-приватен дијалог и разговара за развојни политики за поддршка на жените претприемачи на национално ниво. Платформата е активна и на меѓународно ниво преку успешна соработка со FCEM-Светска асоцијација за женско претприемништво и WEgate-Асоцијации и инвеститори кои поддржуваат жени претприемачи во Европа.

За целите на овој документ, од суштинско значење е активноста на платформата да се формираат т.н. секторски и тематски групи. Во овие групи членуваат жени претприемачи со искуство од одредена област и преку дијалог и взаемна поддршка, во соработка со експерти даваат насоки за иден развој, кои понатаму се развиваат во јавни политики. Досега изработени се два документа и тоа за развој на женското претприемништво во руралните средини и вториот за жените претприемачи во дигиталниот свет – како да се премости родовиот јаз. Овој документ ја претставува третата политика креирана во рамки на проектот и истата претставува стратешка основа за поддршка на жените претприемачи да ги трансформираат своите бизнис во зелени бизниси.

Врз основа на фактот дека дигитализацијата е суштински елемент на зелената транзиција на бизнисите, се посочува дека главните заклучоци од документот за јавна политика на платформата во однос на дигитализацијата се следните:

Огромниот потенцијал и неограничените можности што ги нуди ИКТ се основа за дефинирање на јасни препораки за јавни политики за жени претприемачи во дигиталното окружување. Ваквите акции и иницијативи ќе овозможат да се зајакне, да се промовира и да се поддржи активното учество на жените како претприемачи и вработени во ИКТ секторот, како и во другите сектори на економијата, преку искористување на ИКТ можностите.

Поголема вклученост на жените во научно-инвентивните активности е добро не само за самите жени, туку генерира и посилен економски раст и подобрена општествена благосостојба. Иновативноста што произлегува од мешани тимови или групи (различноста носи вредност, како социјална, така и економска), се чини дека има пошироки технолошки димензии од оние во кои се вклучени мажите. Затоа се проценува дека ваквите програми можат да биде економски далеку повредни и долгорочно издржани.

# ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Инвестирањето во жени претприемачи и поддршка на нивните бизниси е клучно за зелена иднина. Имено, потребно е креаторите на јавни политики и стратешки планови да создадат услови можностите за зелена транзиција бидат отворени за сите, со цел да се стимулираат општествата да направат промени бидејќи позелена иднина може да се постигне само ако е и порамноправна.

Жените се клучни економски чинители. Како деловни лидери, инвеститори, вработени и клиенти, тие играат витална улога во обликувањето на начинот на кој пазарите и општествата се однесуваат. Истражувањата покажуваат дека компаниите со поголема родова разновидност во нивното управување ги намалуваат емисиите на јаглерод диоксид за околу 5% повеќе од компаниите со претежно машки менаџери. Банките со повеќе жени во нивните одбори имаат тенденција да насочуваат поголем дел од финансиите кон одржливи инвестиции.

Сепак, жените продолжуваат да се соочуваат со значителни бариери за активно учество во новата “зелена” економија. Според Светскиот економски форум, напредокот за родовата еднаквост застанува и за да се намали јазот потребни се 131 година.[4] Околу 85% од бизнисите во сопственост на жени остануваат да немаат соодветен пристап до финансии, што е еквивалентно на родовиот јаз за кредитирање од 1,7 трилиони долари. Економските податоци на Европската банка за обнова и развој покажуваат дека од 100 претприемачи во рана фаза само 37 се жени.[5] Жените, исто така, претставуваат само 32% од работната сила во брзо растечките сектори за обновливи извори на енергија.

Врз основа на наведеното, неопходна е сеопфатна поддршка за зелена транзиција на бизнисите на жените претприемачи, наменета и прилагодена соодветно на карактеристиките на истите и чекор напред на проектот е изработката на овој документ. Во рамки на проектот формирана е **Секторска група за Зелена транзиција на бизнисите** во која учествуваат претставници на компании управувани од жени, од различни сектори. За таа цел, секторската група на 19.05.2023 година одржа и работен состанок во Скопје, на кој присуствуваа членови на партнер организациите, жени претприемачи, претставници на невладиниот сектор и на истиот беа разменети искуства со планирани и/или реализирани инвестиции во зелена технологија, а особено се дискутираше за предлози со кои

[4] Global Gender Gap Report 2023, World Economic Forum
[5] Strategy for the Promotion of Gender Equality 2021-2025, European Bank for Reconstruction and Development

може да се поддржи приватниот сектор (жените претприемачи) за зелена транзиција на бизнисите.

Содржината на оваа Јавна политика за Зелена транзиција на бизнисите се темели на информации и предлози од одржаниот состанок на секторската група за Зелена транзиција на бизнисите, како и податоци од истражување на политики, регулатива, мерки и иницијативи за поддршка на жените претприемачи на национално, регионално и меѓународно ниво.

# ВОВЕД

## Дефинирање на зелена транзиција

Според последниот извештај на Меѓувладиниот панел на Обединетите нации за климатски промени (IPCC), сè укажува на фактот дека до 2100 година, животот каков што го знаеме радикално ќе се промени поради зголемувањето на глобалните температури.[6] Избегнувањето на ова сценарио е во рацете на сите и првиот чекор кон негово постигнување е промена на производствениот и потрошувачки модел кон поодржлив кој води до позитивно влијание врз животната средина. Сетот мерки за спроведување на оваа промена во економскиот модел се нарекува **зелена транзиција**.

Зелената транзиција се однесува на временскиот период од сега, кога нашиот начин на живот е неодржлив на долг рок, и времето кога нашата активност нема да го загрози здравјето на планетата. Денес, ние сме на почетокот на оваа транзиција, кога владите, организациите, компаниите и поединците преземаат активности за да се постигне целта за одржливост што е можно побрзо.

Парискиот договор и Агендата за одржлив развој од 2030 година се меѓу иницијативите што Обединетите Нации, заедно со сите земји-членки, ги покренаа во обид да ги спречат ефектите од климатските промени. Главната цел е значително да се намалат глобалните емисии на стакленички гасови и да се ограничи зголемувањето на температурата на 1,5°C. За да се постигне ова, компаниите и владите, како и поединците, мора да дизајнираат решенија што ќе го ублажат влијанието на животната средина и ќе ја промовираат благосостојбата на планетата.[7]

**Зелената транзиција од аспект на дефиниција** претставува промена кон економски одржлив раст и економија која не се заснова на користење фосилни горива и прекумерна потрошувачка на природни ресурси односно промена која води кон грижа за животната средина.

**Зелена транзиција на бизнисите** пак претставува водење на деловните активности имајќи ја во предвид заштитата на животната средина, односно означува планирање и реализирање на инвестиции во повеќе области и тоа: енергетска ефикасност, користење на обновливи извори на енергија, поддршка на истражување и иновации, односно насочување да целокупното работење на бизнисите создава т.н. циркуларна економија. Во

---

[6] Climate Change 2022 Report, IPCC
[7] Обединети Нации, www.northmacedonia.un.org

оваа насока, бизнисите имаат за цел да користат што е можно помалку вода, енергија и суровини работењето за намалување на емисиите на јаглерод, а на долг рок создаваат инструменти во чии рамки користат материјали на обновливи и еколошки начини. На овој начин, бизнисите директно придонесуваат за минимизирање на неодржливо користење на природните ресурси и водат грижа за животната средина и климатските промени.

## Што е она што го прави еден бизнис “зелен”?

Секој бизнис што сака да се смета за „зелен“ треба да исполни одреден сет на стандарди во однос на потрошувачката на енергија и одржливите практики. Овие практики вклучуваат рециклирање и компостирање, користење на енергетски ефикасно осветлување, апарати и паметни методи на транспорт, поддршка на обновливите извори на енергија.

Зелената транзиција опфаќа повеќе области и во различни сектори и за различен вид на деловни активности, може да се спроведе преку:

- водење на енергетска ефикасност во работењето
- воведување на обновливи извори на енергија
- користење на дигитални технологии (дигитализација)
- користење на т.н. паметни (или зелени) материјали
- управување со отпад
- грижа за водата и воздухот
- воведување на принципи на работење кои водат кон одржлив развој
- воведување на иновации и поддршка на активности за истражување
- поддршка кон климатски промени и друго.

Од практичен аспект, примери за зелена транзиција на бизниси се:

- користење на рециклирани материјали во текстилната индустрија
- поправање и одржување на велосипеди
- садење и одгледување на храна за сопствени потреби
- сопствена изработка на алати за работа
- изработка на играчки од постоечки природни материјали и друго

Во Република Северна Македонија терминот зелена транзиција на бизнисите најчесто се врзува со дигитализација и неговиот развој се уште е во своите почетоци, особено во делот на правната регулатива или поддршка на релевантни страни како приватен сектор, невладин сектор, млади лица итн., за спроведување на самата транзиција. Од тој методолошки аспект нема една единствена дефиниција и при утврдување на значењето може да се примени се од горе наведеното.



## Зелена транзиција и жени претприемачи

Во насока на поддршка на жените претприемачи да ги транзитираат своите бизниси, Европската банка за обнова и развој (во понатамошен текст ЕБОР) има објавено студија насловена како „Патоказ за родово одговорна инвестициска клима“ и истата препорачува:

- вклучување на родот во инвестициската политика што подразбира дека инвестициските политики треба да вклучуваат родови цели и критериуми и директна поддршка на секторите каде што работат компании предводени од жени и жени во сопственост развивање услуги за поддршка за компании во сопственост и водени од жени
- ова вклучува почетни услуги како инкубатори и акцелератори кои интегрираат родова перспектива во нивните операции или обезбедуваат специфични услуги за бизниси предводени од жени и подобрување на пристапот до финансии и пазари за компании предводени од жени
- ова може да вклучи мерки како што се дигитализација, родово оданочување, вклучително и родови критериуми во субвенциите, шемите за грантови и заеми, како и отворање прозорец за водени или во сопственост на жени компании во новиот Гарантен фонд на земјата, кој поддржува финансии за малите и средни претпријатија (МСП) и трговците.

Врз основа на студијата, ЕБОР ќе се обиде да го затвори финансиски-родовиот јаз со работа со партнерски финансиски институции за да им помогне да го подобрат собирањето, анализата и подигањето на свеста поделени на податоци според полот, како и да изградат

капацитети за разбивање на родовите стереотипи при кредитирањето. Патоказот посочува дека, и покрај добро развиената политика и правна рамка во земјата, жените сè уште се недоволно застапени меѓу бизнис лидерите во Северна Македонија, поседувајќи само една третина од бизнисите во земјата. Бизнисите предводени од жени се исто така постојано помали и помалку застапени меѓу секторите со повисок потенцијал за раст и често се заробени во сегментот на мали и микро претпријатија, што претставува само мал дел од одредени економски активности, како што се трговијата и услугите.[8]

Имено, ЕБОР ги поддржува жените во пристапот до можностите за претприемништво, најмногу преку својата програма Жени во бизнисот (WiB).[9] Програмата активна во 24 економии, досега има обезбедено 900 милиони евра финансирање и деловни совети за повеќе од 100.000 МСП предводени од жени и 58 партнерски финансиски институции. Од лансирањето на програмата WiB во Западен Балкан во 2014 година – прва таква програма во регионот – ЕБОР обезбеди повеќе од 60 милиони евра на своите партнерски финансиски институции за дополнително заеми на МСП предводени од жени. Ова, заедно со широкиот опсег на советодавни, обуки, менторски активности и активности за градење мрежа што ги обезбедува ЕБОР, им помогна на повеќе од 7.500 жени претприемачи да ги развијат и растат своите бизниси. Во Западен Балкан, 12 банки и финансиски институции досега се приклучија на програмата.

Во Северна Македонија, програмата WiB е достапна преку НЛБ банка и Охридска банка. Советодавните услуги во рамките на програмата се поддржани од донаторски фондови од Шведска и Луксембург.

Понатаму, Народната Банка на Република Северна Македонија (во понатамошен текст НБРМ) како водач и регулатор на монетарната политика ги бележи своите почетоци во насока на поддршка на зелени бизнис од аспект на финансирање, со вклучување на жените претприемачи.

Народната банка ги препозна можните ризици за финансискиот сектор од климатските промени, оттаму справувањето со нив стана една од стратегиските цели на банката. Централната банка стана дел од Меѓународната мрежа за „озеленување“ на финансискиот систем, што овозможува постојано следење на активностите на глобално ниво во оваа сфера и примена на најдобрите практики во домашната економија. За поттикнување на кредитирањето за поддршка на проекти од областа на заштитата на животната средина и енергетската ефикасност од страна на банките, Народната банка минатата година го

---

8 Студија “Патоказ за родово одговорна инвестициска клима”, ЕБОР
9 WiB Program, EBRD

измени инструментот на задолжителната резерва со која се поттикнува кредитирањето на проектите поврзани со домашното производство на електрична енергија од обновливи извори. Во завршна фаза е и изработката на првата национална стратегија за поттикнување на зеленото финансирање, којашто предвидува мерки како редовни стрес-тестирања за оцена на отпорноста на банкарскиот систем на климатските промени, како и насоки за работењето на банките во доменот на зелените финансии.[10]

Дополнително, главниот економист во Народната банка на Република Северна Македонија, г-ѓа Анета Крстевска, коментира: „Новиот патоказ ја надополнува работата претходно направена од Народната банка и другите финансиски регулатори за време на подготовката на првата Национална стратегија за финансиска едукација и вклучување 2021-2025 година, кој откри родови и други празнини во финансиската едукација и инклузија и идентификуваше точки на дејствување. Северна Македонија е посветена на подобрување на можностите за женско претприемништво заедно со нашите партнери“.

[10] Соопштение, Народна Банка на Република Северна Македонија, 2022

# ЦЕЛИ ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ

Основата за зелената транзиција и се она што истата опфаќа произлегува од т.н. Цели за одржлив развој. Целите за одржлив развој претставуваат глобален повик за акција, со цел да се стави крај на сиромаштијата, да се заштити животната средина и климата и да се обезбеди сите луѓе да уживаат во мир и просперитет. Овие цели се подготвени од страна на Обединетите нации и прифатени од сите држави нејзини членови меѓу кои и Република Северна Македонија.[11]

**Целите за одржлив развој се:**

1. **Нема сиромаштија**

- Да се стави крај на сиромаштијата, во сите нејзини форми и насекаде низ светот.

2. **Нула глад**

- Да се стави крај на гладувањето, да се постигне обезбеденост со храна и да се подобри исхраната, како и да се промовира одржливо земјоделство.

3. **Добро здравје и благосостојба**

- Да се обезбеди здрав живот и да се промовира благосостојбата на сите за сите возрасти.

4. **Квалитетно образование**

- Да се обезбеди инклузивно и еднакво квалитетно образование за сите, како и да се промовираат можностите за доживотно учење.

---

[11] Обединети Нации во Северна Македонија, www.northmacedonia.un.org/mk

5. **Родова еднаквост**

- Да се елиминираат сите форми на дискриминација и еднакво да се вреднуваат жените и девојчињата.

6. **Чиста вода и санитарни услови**

- Да се обезбеди пристап до вода за сите и одржливо управување со водата и санитарните услови.

7. **Достапна и чиста енергија**

- Да се обезбеди пристап до достапна, сигурна, одржлива и современа енергија за сите.

8. **Достоинствено вработување и економски раст**

- Да се промовира инклузивен и одржлив економски раст, вработување и пристојна работа за сите.

9. **Индустрија, иновација и инфраструктура**

- Да се изгради отпорна инфраструктура, да се промовира инклузивна и одржлива индустријализација и да се поттикнуваат иновации.

10. **Намалена нееднаквост**

- Да се намали нееднаквоста во и меѓу земјите.

11. **Одржливи градови и заедници**

- Градовите и населените места да станат безбедни, отпорни и одржливи.

12. **Одговорна потрошувачка и производство**

- Преку одржлив развој да се развиваат потрошувачката и производството.

**13. Акција за справување со климатските промени**

- Да се креираат и спроведат мерки кои ќе водат кон справување со климатските промени.

**14. Живот под вода**

- Да се заштитат и одржливо да се користат океаните, морињата и морските ресурси заради постигнување одржлив развој.

**15. Живот на копно**

- Шумите да се управуваат преку одржливи инструменти, да се спречи опустошување и да се запре деградацијата на земјиштето, како и да се спречи загубата на биолошката разновидност.

**16. Мир, правда и силни институции**

- Да се обезбеди владеење на право и намалување на корупцијата преку ефективни и независни институции

**17. Партнерства за постигнување на целите**

- Да се зајакнат средствата за спроведување и ревитализација на глобалното партнерство за постигнување на сите цели



Секоја држава членка на Обединетите нации е потребно од сите цели да идентификува и постави сопствени приоритети на кои ќе работи на национално ниво односно спроведува политики за нивно исполнување.

Република Северна Македонија, во рамки на Националниот совет за одржлив развој кое е владино тело составено од претставници на државни институции, приватен сектор, невладин сектор и академска заедница, на седница одржана на 25.12.2018 година ги постави следните цели за одржлив развој како приоритети:[12]

1. Нема сиромаштија
2. Квалитетно образование
3. Достоинствено вработување и економски раст
4. Акција за справување со климатски промени
5. Мир, правда и силни институции

Врз основа на горенаведеното, важно е да се потенцира дека секоја активност која бизнисите би ја преземале во насока на исполнување на Целите истовремено означува и своевиден придонес за зелена транзиција на бизнисот бидејќи исполнување на целите значи создавање одржлив развој, што е клучна компонента на зелената транзиција.

[12] Национален Совет за одржлив развој, Влада на РСМ, 2022

# ПОЛИТИКИ, МЕРКИ И РЕГУЛАТИВА

Во Република Северна Македонија животната средина од правен аспект е регулирана во рамки на повеќе законски решенија кои се однесуваат на заштита и унапредување на квалитетот и состојбата на почвата, водата и воздухот. Понатаму, да се регулира биолошката разновидност и другите природни богатства, како и да се заштити озонската обвивка од негативното влијание на човекот врз климатскиот систем. Се од наведеното е дефинирано во Законот за животната средина како основен правен акт кој ги регулира еколошките правила на национално ниво. Земајќи ги во предвид сите области кои ги опфаќа зелената транзиција, од аспект на правна регулатива, на национално ниво важни за посочување се и следните закони: Закон за квалитет на амбиентниот воздух; Закон за заштита на природата; Закон за заштита од бучава; Закон за управување со отпад; Закон за управување со отпад од батерии и акумулатори; Закон за управување со пакување и отпад од пакување; Закон за управување со електрична и електронска опрема; Закон за управување со дополнителни текови на отпад; Закон за проширена одговорност на производителот за управување со посебни текови на отпад и Закон за води.[13]

Понатаму, во рамки на Министерството за информатичко општество се спроведуваат процеси кои водат кон воспоставување дигитализација на институционални услуги, како и воспоставување на национален регистар на население, вклучително и подзаконски акти кои се планираат да се донесат за електронска комуникација помеѓу институциите од централната власт и дигитално издавање на документи за јавни услуги.[14] Наведеното се однесува повеќе кон страната на државата но има влијание и врз приватниот сектор бидејќи се смета дека треба да го олесни водењето на бизнисот на национално ниво. Сите овие правни акти претставуваат спој во чии рамки се содржани одредби под кои може да се каже дека се регулирани елементите на зелената транзиција. Сепак е важно да се

---

[13] Законот за животната средина (Сл.весник на РСМ бр. 53/2005....171/2022); Закон за квалитет на амбиентниот воздух (Сл.весник на РСМ бр. 67/2004....151/2021); Закон за заштита на природата(Сл.весник на РСМ бр. 67/2004....151/2021); Закон за заштита од бучава во животната средина (Сл.весник на РСМ бр. 79/2007....151/2021); Закон за управување со отпад (Сл.весник на РСМ бр.216/2021); Закон за управување со отпад од батерии и акумулатори (Сл.весник на РСМ бр.176/2021); Закон за управување со пакување и отпад од пакување(Сл.весник на РСМ бр.215/2021); Закон за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема (Сл.весник на РСМ бр.176/2021); Закон за управување со дополнителни текови на отпад(Сл.весник на РСМ бр. 216/2021...195/2022); Закон за проширена одговорност на производителот за управување со посебни текови на отпад(Сл.весник на РСМ бр.215/2021) и Закон за води(Сл.весник на РСМ бр. 87/2008....151/2021)

[14] Национален регистар на население, www.data.gov.mk

потенцира дека за истата не постои еден единствен правен основ преку соодветен правен акт во согласност и со природата и значењето на самата зелена транзиција.

Чекор понатаму кон овозможување на зелена транзиција на бизнисите, од аспект на национални политики е вклученоста на нашата држава во т.н. **Зелена Агенда.** Зелената агенда на Западен Балкан претставува документ односно нова стратегија за раст на државите од регионот кои преку создавање на одржлива економија ќе се приклучат кон исполнување на препораките на Европската Унија од Европскиот зелен план. Со потпишувањето на Декларацијата за Зелена агенда во ноември 2020 година, земјите од Западен Балкан меѓу кои и Република Северна Македонија на Самитот на Западен Балкан кој се одржа во Софија, Република Бугарија се обврзаа дека ќе спроведат мерки во областа на спречување на климатските промени и загадувањето, развој на енергија, создавање циркуларна економија, како и развој на биодиверзитетот, создавање одржливо земјоделство и производство на храна.[15] Конкретно, земјите ги донесоа следните препораки:

1. **Обновливи извори на енергија и заштита на климата**

   Западниот Балкан е регион којшто е многу погоден од климатските промени што бара намалување на емисиите на гасови со ефект на стаклена градина и зголемување на отпорноста на влијанието на климатските промени. Партнерите од овие региони ќе бидат поддржани во согласност со новото европско законодавство во правец на намалување на емисиите на CO2 по пат на квоти и механизми за одредување на цената на јагленот. Поради исклучително високата зависност од јагленот, транзицијата кон чисти и обновливи извори на енергија е неопходна. ЕУ особено ќе поттикнува модели на транспорт коишто во помала мера ја загадуваат животната средина, како што е случајот со железничкиот транспорт.

2. **Транзиција кон циркуларна економија**

   ЕУ ќе го поддржи Западниот Балкан во развој на стратегија за подобрување на одржливото производство на суровини, спречување, намалување, рециклирање и управување со отпадот, а финансиски ќе поддржи развој на регионалниот договор во спречување на загадувањето со пластика

3. **Намалување на загадувањето на воздухот, водите и земјиштата**

   Загаденоста на воздухот на подрачјето на Западен Балкан е приоритет од највисоко ниво и има директно влијание на здравјето на населението. ЕУ ќе пружи помош за

---

[15] Implementing a Green Agenda for the Western Balkans, European Commission, 2022

регионот во усогласување со стандардите на ЕУ кога се во прашање квалитетот на воздухот и водите, како и управување со отпадните води.

**Одржливо земјоделство и Прехранбено производство**

Земјоделството и сродните активности изнесуваат околу 10% од БДП на Западниот Балкан. ЕУ ќе ја зголеми поддршката за одржливиот развој на руралните области, помагајќи ги земјоделско прехранбени гранки со цел да се овозможи поголем квалитет и безбедноста на храната, намален отпад, унапредена усогласеност со стандардите на ЕУ во областите на безбедноста на храната и благосостојбата на животните и промовирање на еколошко прифатливо и органско производство.

4. **Заштита на Биодиверзитетот и екосистемите**

Подрачјето на Западен Балкан изобилува со богатство од живеалишта и врсти коишто треба да се заштитат и зачуваат за следните генерации. ЕУ ќе пружи поддршка за регионот во развој и имплементација на Акциониот план за биодиверзитет на Западниот Балкан, како и на Планот за реставрација на шумскиот потенцијал.

Се од горенаведеното упатува дека државните институции во Македонија е потребно преку соодветни инструменти и политики да креираат програми во рамки на кои ќе ги спроведуваат овие препораки. Во оваа насока, а согласно заложбите на Европската Унија за поддршка на жените претприемачи посочена во овој документ, се препорачува Националната платформа за женско претприемништво да биде активно вклучена во креирањето на мерки за спроведување на препораките во декларацијата, а се со цел да се овозможи еднаков родов пристап за зелена транзиција на бизнисите.

# ЗЕЛЕНА ТРАНЗИЦИЈА НА НАЦИОНАЛНО НИВО

## Зелена Агенда

Врз основа на спроведено истражување за условите бизнисите да направат зелена транзиција на национално ниво, во овој момент постојат неколку насоки и програмски мерки кои се почеток за иден развој.

Врз основа на Целите за одржлив развој на Обединетите Нации, Република Северна Македонија подготвува активности за пристап до финансиски средства со кои ќе бидат финансирани проекти за зелен развој (кои ќе допринесат и за зелена транзиција на бизнисите на жените претприемачи).[16] Во 2022 година воспоставен е Инструмент за зелено финансирање (GFF) во рамки на кој Северна Македонија е избрана како една од десетте најдобри програми според глобалниот Заеднички фонд за Целите за одржлив развој (ЦОР). Изборот е направен врз основа на потенцијалот за постигнување значајни одржливи резултати, мобилизација на значително ко-финансирање од повеќе извори и ниво на подготвеност за реализација.

Со финансиска поддршка од Заедничкиот фонд за ЦОР, оваа програма ќе создаде нов финансиски инструмент што ќе обезбеди пристап до поволно финансирање за мали и средни претпријатија, како и за физички лица и домаќинства за инвестиции во обновливи извори на енергија и во решенија за енергетска ефикасност. Со овие инвестиции, ќе се придонесе за намалување на стакленички гасови, загадувањето на воздухот и за зајакнување на локалните еко-системи за зелени фондови за обновливи извори на енергија и енергетска ефикасност, кои пак се важни компоненти на зелената транзиција. [17]

Преку Заедничкиот фонд на ЦОР, обезбедени се 7.9 милион долари и креирана е програмата со вкупна вредност од 46.5 милиони долари. Во насока на поддршка на РСМ во борбата против загадување на воздухот и климатските промени, покрај трите организации на Обединетите нации (Програмата за развој на Обединетите нации - УНДП, Меѓународната организација за миграции – ИОМ, и Економската комисија за Европа на ОН), Владата на РСМ како и Министерството за финансии, Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за економија, во програмата ќе се

[16] Обединети Нации, www.northmacedonia.un.org
[17] ЦОР План за забрзување, Обединети Нации

вклучи и Европската банка за обнова и развој (ЕБОР), како и повеќето приватни банки во земјата.

Заедничкиот фонд за Целите за одржлив развој е повеќе партнерски заеднички фонд основан од Генералното собрание на Обединетите нации. Фондот поддржува земји членки на ОН преку намалување на ризиците за инвестиции што водат кон решенија за финансирање на активности што ќе водат до забрзување на прогресот кон исполнување на Целите за одржлив развој. Цел на овој фонд е да распредели една милијарда долари во грантови на годишно ниво кон Агендата 2030. Сите програми што ќе бидат финансирани делат еден клучен елемент – нивната можност да привлечат финансирање од други партнери кон мулти-милионските гран-тови од Заедничкиот фонд, насочени кон одржливиот развој.



Зелената транзицијата преку зголемено производство на енергија од обновливи извори (особено соларна енергија) и воведување на енергетска ефикасност во згради и домови е посочено дека е една од клучните стратешки цели на Владата на РСМ.

Инструментот за зелено финансирање (GFF) е иднината на финансискиот и економскиот развој во насока на спроведување зелена транзиција и преку овој инструмент Владата на РСМ презема чекори кон отворање нови алтернативи за економијата, каде и граѓаните и бизнисите ќе имаат можности да обезбедат „зелен" и одржлив начин на живеење и водење бизнис. Инструментот за зелено финансирање ќе обезбеди зголемен пристап до средства за инвестиции во обновливи извори на енергија и во енергетска ефикасност кај малите и средните претпријатија, вклучувајќи ги и жените претприемачи. Со воведување на овој инструмент, се очекува да се постигнат заштеди во висина од 70,068 мегават-часови на

годишно ниво, избегнување на 80,510 тони CO2- емисии, како и 10.7 мегавати во нов производствен капацитет од обновливи извори на енергија.[18]

Понатаму, во 2023 година на национално ниво спроведени се активности за акредитација во Зелениот климатски фонд (ЗКФ). Имено, Фондот за иновации и технолошки развој (ФИТР) е прва државна институција назначена од страна на Владата на Република Северна Македонија (со одлука донесена од страна на Владата на РСМ) која ќе го отпочне процесот на акредитација кон Зелениот климатски фонд (ЗКФ) и за таа цел поднесена е апликација за акредитација. Со успешно завршување на процесот на акредитирање, ФИТР ќе стане прва акредитирана национална институција во РСМ која ќе овозможи поголем пристап до финансии од фондот наменети за реализирање на климатски програмски приоритети и поттикнување на иновативни, зелени инвестиции, со целосна сопственост во процесот на климатско финансирање и негово подобро интегрирање со националните акциски планови за клима.[19]

На одржаната средба на секторската група за зелена транзиција на бизнисите во рамки на проектот, се дискутираше за оваа иницијатива и присутните претставници се согласија дека неопходно е пристапот до финансии во рамки на ваков вид на фондови да биде децентрализиран односно повеќе институции да имаат можност да финансираат зелени проекти со кои ќе се транзитираат бизнисите.

## Европска Банка за обнова и развој

Покрај соработката со Обединетите Нации преку нивната канцеларија во Скопје како официјално претставништво, од исклучителна важност за пристапот на финансии до бизнисите за зелена транзиција е и улогата на Европската Банка за обнова и развој во РСМ.

За интензивирање на зелена енергетска транзиција потребни се финансиски инвестиции кои може да се обезбедат доколку се пристапи кон меѓусебна соработка помеѓу јавниот, приватниот и меѓународниот сектор, со цел да се креира пристап за компаниите кон поволно финансирање за овој вид инвестиции. Обединетите нации и Заедничкиот фонд за ЦОР во рамки на соработката со ЕБОР има за цел создавање на грант кој ќе ја зајакне пристапноста на финансии за ваков тип на инвестиции. Наведеното е прва соработка помеѓу ЕБОР, Обединетите нации и Владата на РСМ во делот на зелена транзиција и нашата држава е пилот земја за спроведување на посочениот грант.

[18] Green Economy Financing Facility, GFF, EBRD
[19] Соопштение, Фонд за иновации и технолошки развој, 2023

Во наредниот период, партнерите ќе се залагаат за зголемување на достапноста на финансии за инвестиции во зелени технологии за што поголем број на македонски мали и средни претпријатија. Овој Инструмент за зелено финансирање се воспостави во 2022 година, а е целосно оперативен од 2023 година.

Сите детали се достапни на следниот линк - https://ebrdgeff.com/macedonia/mk/



## Обновливи извори на енергија

Обновливите извори на енергија претставуваат суштински елемент за еден бизнис да може да спроведе зелена транзиција. Во оваа насока, изминатите години е особено популарно поставувањето на фотоволтаици како обновлив извор на енергија кој иако на почеток претставува инвестиција за една компанија и се потребни соодветни ресурси, сепак на долг рок придонесува за заштеда на трошоци и создава услови за раст.

Поставувањето на фотоволтаици во Република Северна Македонија на почетокот се врзуваше со издавање на градежна дозвола и претставуваше долг административен процес кон неминовно создаде бариери во имплементацијата. За таа цел, во 2022 година по долга подготовка и лобирање од страна на приватниот сектор, стапија на сила измени

и дополнувања на Законот за градење (Службен весник на РМ бр.130/09... бр.111/23)[20] во рамки на кои се воведоа одредби согласно кои се промени постапката за поставување на фотоволтаици односно намали временскиот период и бројот на институции. Имено, согласно член 73, став 1 од Законот за градење се утврди дека за фотонапонски електро-централи кои се поставуваат на објекти не е потребно да се издава градежна дозвола. Исто така, градежна дозвола не е потребна и кога станува збор за поставување на натстрешници во функција на објект со што се создаде поголем простор за компаниите на кој ќе може да ги постават фотоволтаици. Согласно член 78-в, став 5 од Законот за градење, компаниите е потребно пред поставување на електроцентралата, до општината на чие подрачје се наоѓа објектот на кој се предвидува да се постави фотоволтаици, да достават известување дека тоа ќе го спроведат, а кон истото потребно е да приложат:

- извод од Централен регистар на РСМ за правно лице, доколку инвеститор е правно лице, односно копија од лична карта доколку инвеститор е физичко лице,
- имотен лист за објектот на кој се предвидува да се постави фотонапонска електроцентрала, со право на сопственост на инвеститорот, а доколку се предвидува електроцентралата да се постави на индивидуален објект кој не е во сопственост на инвеститорот се доставува и договор склучен со сопственикот / сопствениците на објектот или писмена согласност за поставување фотонапонска електроцентрала од сопственикот / сопствени-ците на објектот,
- основен проект за поставување фотонапонска електроцентрала и
- писмена согласност за поставување на фотонапонската електроцентрала од мнозинството сопственици на посебните делови од објектот кои претставуваат повеќе од половината од вкупната површина на објектот, доколку електроцен-тралата се поставува од страна на заедница на сопственици на посебни делови на станбена зграда на објект во етажна сопственост.

Врз основа на горенаведеното, може да се заклучи дека процедурата за поставување на фотоволтаици е поедноставена за компаниите да имаат повеќе можности и подобри услови да спроведуваат зелена транзиција на бизнисите.

Во насока на дополнителна стимулација за користење на обновливите извори на енергија, Министерството за економија на РСМ во 2022 година донесе измени и дополнувања на Правилникот за обновливи извори на енергија (Службен весник на РСМ бр.112/19 и 240/22)[21] во рамки на кои се зголеми производството на енергија при поставување на

---

[20] Закон за градење, Службен весник на РСМ бр.130/09... бр.111/23), Министерство за транспорт и врски
[21] Правилник за обновливи извори на енергија, Службен весник на РСМ бр.112/19 и 240/22, Министерство за економија

фотоволтаици односно компаниите се дефинираат како мал корисник и имаат можност инсталираната моќност на постројката за производство да биде до 40 kW, наместо претходните 20 kW.

## Дигитализација

Дигитализацијата како процес претставува сам по себе зелена транзиција и нејзиното користење со развој на глобализацијата станува потреба при водење на бизнисите. Во оваа насока, на национално ниво се спроведуваат проекти за достапност на јавните услуги, како за бизнисите така и за граѓаните со цел заштеда на време и ресурси и како пример се истакнува платформата www.uslugi.gov.mk.[22] Сепак, во однос на конкретна поддршка за бизнисите на жени претприемачи, во овој момент е достапна само мерката за субвенционирање на женско претприемништво за дигитализација на деловни процеси во рамки на Програмата за развој на претприемништво и конкурентност на малите и средни претпријатија, која секоја година се носи и спроведува од страна на Министерството за економија.

Согласно Јавниот повик за 2023 година, се субвенционираат компании во сопственост (50%) или управувани од жени преку кофинансирање на 40% докажани трошоци за набавени дигитални решенија и технологии со цел дигитална трансформација на деловните процеси или производство, како и трошоци за имплементација, адаптација и интеграција на дигитални решенија и технологии. Вкупниот буџет на мерката изнесува 2.000.000 денари.[23]

Од особена важност е да се напомене дека горенаведената мерка е иницијатива на Националната платформа за женско претприемништво и имплементира во соработка со партнерите на проектот.

На национално ниво, најновата активност за унапредување на процесот на дигитализација е т.н. DigitalEra кој е најнов проект на Владата на Република Северна Македонија, имплементиран и администриран од страна на Министерството за информатичко општество и администрација, како платформа за обезбедување информации за националните процеси на дигитализација.[24] Програмата е поделена на три (3) главни дела и тоа: Дигитализација; Реформа на јавната администрација и Медиуми.

[22] Национален портал за е-услуги, www.uslugi.gov.mk
[23] Јавен повик за субвенционирање на женско претприемништво за дигитализација на деловни процеси, Министерство за економија, 2023
[24] Информации за процесите за дигитализација, Министерство за информатичко општество и администрација, 2023, www.digitalera.mioa.gov.mk



За првиот дел Дигитализацијата е наведено дека се презема или ќе се спроведе во иднина следното:

- Формирање Дигитална агенција која ќе се фокусира на дигитално вклучување, дигитални јавни услуги, кои ќе ја подобрат економијата на земјата, транспарентноста и отчетноста на институциите. Активно се развиваат стратешки документи со единствена цел да се биде во тек со дигиталната стратегија на „Дигитален компас“ на ЕУ
- Подобрување и оптимизација на Централниот регистар на население
- Подобрување на дигиталната инфраструктура (услуги) за лицата со посебни потреби
- Зголемување на бројот на онлајн дигитални услуги за граѓаните и институциите
- Субвенционирање на програми од стратешко значење за државата како што се: (Сајбер безбедност, вештачка интелигенција, IoT, ...)
- Моќта на Интернетот е во неговата универзалност. Пристапот на сите е суштински аспект, затоа до крајот на 2023 година сите веб-страници ќе ги исполнуваат стандардите на W3C и бидат достапни дури и за лицата со посебни потреби
- На шалтерите на администрацијата ќе биде обезбедена услуга и за лицата со попреченост да имаат приоритет за добивање административни услуги

- Академија за обука
- Дигитална картичка (eID – Дигитална лична карта)

Врз основа на се наведено, а земајќи ја во предвид единствената Платформа на женско претприемништво која ги обединува сите женски претприемачи, се препорачува нејзино активно вклучување во спроведување на сите активности предвидени со проектот DigitalEra.

Дополнително, врз основа на долгогодишниот предизвик со кои се соочуваат организациите на жени претприемачи, се препорачува вклучување на Националната Платформа на женско претприемништво во рамки на т.н. Централниот регистар на население. Цел на наведеното е да се воспостави јавно-приватен дијалог во рамки на кој ќе се разгледа можноста за креирање на релевантна база и постоење на единствена евиденција на компании во сопственост или доминантно управувани од жени претприемачи, бидејќи овој податок е суштински за идно развивање на женското претприемништво а со години не може да се обезбеди поради несоодветна евиденција.

# ЗЕЛЕНА ТРАНЗИЦИЈА НА РЕГИОНАЛНО НИВО

Врз основа на спроведено истражување за политиките, мерките и стратегии за поддршка на одржлив развој, важно е да се напомене дека во рамки на т.н. Зелена Агенда, посочените приоритетни области на кои ќе се работи се однесуваат на сите земји од Западен Балкан како Албанија, Србија и Црна Гора. Во рамки на истражувањето се идентификуваа поголем број на позитивни примери од регионот за тоа како да се создадат подобри услови за зелена транзиција на бизнисите и за истото се посочува прикажан сумарен приказ од Република Србија и Република Албанија.

## Србија

Република Србија како земја кандидат за влез во Европската Унија веќе спроведува дијалог и имплементација на пристапните преговори со ЕУ и во таа насока може да се констатира поголем напредок на полето на зелена транзиција кое се должи на можноста да користат средства од европските фондови за заштита на животната средина.

Во рамки на зелената транзиција на бизнисите, Стопанската Комора на Србија во соработка со Владата на Србија има подготвено и објавено Зелена декларација за трансформација на економијата во Србија[25] и истата утврдува 10 клучни заложби како: стратешка и регулаторна рамка; климатска и јаглеродна неутралност; циркуларна економија, паметно користење на природните ресурси, нула отпад; одржливо производство и потрошувачка; образование и нови „зелени“ занимања; еко-иновации, наука, паметни технологии, е-мобилност; само одржливост; одржливи финансии; регионално поврзување и соработка; дигитална и зелена трансформација (https://api.pks.rs/storage/assets/Deklaracija,%20final%203.12.2022.%201.pdf).

Во рамки на овие стратешки определби, Комората спроведува активности за поттикнување на компаниите да инвестираат во зелени идеи, а за истото обезбедува поддршка од аспект на едукација, подготовка на проектна апликација, комуникација со институции итн. Дополнително, активноста на Стопанската Комора на Србија за зелена економија од минатата година се остварува и преку соработката со УНДП во рамки на која

[25] Привредна Комора Србије, www.pks.rs

подготвиле и имплементирале Проект преку кој давале финансиска поддршка преку кофинансирање на проекти на компании за зелена транзиција.

Покрај приватниот сектор, фокусот за создавање зелена економија на Република Србија е насочен и кон младите и изминатите години во континуитет се организираат натпревари за зелени идеи во средните училишта, особено стручните и технички занимања.

Во однос на регулатива и политики, Република Србија исто така нема еден единствен правен акт или документ од кој извира поддршка за зелената транзиција, а од посоченото погоре може да се забележи дека зелената транзиција е доверена на претставниците на стопанството да ја спроведуваат како страни кои треба и да ја имплементираат истата, што се покажува како позитивен пример.

Од институционален аспект, повеќе државни институции во рамки на преговорите со Европската Унија веќе спроведуваат активности кои произлегуваат од Европскиот мировен договор склучен во Париз, а особено ја спроведуваат хармонизацијата на европското законодавство при чие спроведување истовремено ги реализираат и ЕУ стандардите за грижа за животната средина и климатските промени.

## Албанија

Како дел од т.н. Зелена Агенда, Република Албанија спроведува активности за зелена транзиција во рамки на регионот. Фокусот на Албанија во зелената транзиција е на паметно користење на природните ресурси, а особено грижа за загадување на почвата и трансформација на секторот земјоделство.

Во однос на правната регулатива, Албанија како и другите земји нема еден правен акт или документ во кој е регулира зелената транзиција, а активностите кои ги спроведува произлегуваат од насоките на Европската Унија, како земја кандидат.

При спроведување на јавните политики, Албанија има утврдено приоритети кои имаат голем потенцијал да обезбедат зелена трансформација со подобрувања на енергетската ефикасност во зградите и објектите како приоритет од прв ред и тоа се:

- Целосна законска и институционална рамка за енергетска ефикасност во зградите и целосно спроведување на постојното законодавство
- Да се даде приоритет на спроведувањето на енергетските и климатските политики
- Да се подобри следењето на квалитетот на воздухот

- Финализирање и целосно операционализирање на политиките и рамката за поддршка за обновливите извори на енергија

- Да се создадат услови за инвестирање во обновливи извори

- Да се подобри мониторингот, планирањето и еколошките стандарди за малите хидроцентрали и да се ревидираат преостанатите субвенции за МХЕ

- Подобрување, модернизација и декарбонизација на транспортниот систем

За поддршка на приватниот сектор, Во Република Албанија УНДП во соработка со Шведската Агенција за меѓународен развој работи кон зајакнување на капацитетите на приватниот сектор да работи на исполнување на Целите односно нивно вклучување во деловните активности. За таа цел, од 2022 година во Албанија се спроведува проектот Business Partnerships & Solutions for SDGs', финансиран од Шведската агенција за меѓународен развој во рамки на кој се поврзуваат компании од Албанија и Шведска за размена на искуства и како компаниите во Албанија да применат одржливи деловни практики.

Дополнително, во Република Албанија се користат средства од европските фондови за прекугранична соработка и спроведуваат проекти во прекугранични региони/градови со воведување на одржливи услуги и практики.

Од 2023 година, Албанија ги користи и поволностите на енергетскиот пакет за поддршка во рамки на Western Balkans Investment Framework (WBIF)[26] и се предвидува спроведување на реформа на енергетскиот сектор.

[26] Western Balkans Investment Framework, European Union

# ЗЕЛЕНА ТРАНЗИЦИЈА НА МЕЃУНАРОДНО НИВО

## Европска Унија

Климатските промени и деградацијата на животната средина се егзистенцијална закана за Европската унија и за светот. За да се надминат овие предизвици, European Green Deal[27] е новата стратегија за раст на Европа, која ќе ја трансформира Унијата во модерна, ефикасна за ресурси и конкурентна економија. Европскиот зелен договор е создаден за да ја направи Европа климатско неутрална до 2050 година, да ја зајакне економијата преку зелена технологија, да создаде одржлива индустрија и транспорт и да го намали загадувањето. Претворањето на климатските и еколошките предизвици во можности ќе ја направи транзицијата праведна и инклузивна за сите.

Европската комисија им помага на земјите-членки на ЕУ да дизајнираат и спроведат реформи кои ја поддржуваат зелената транзиција и кои придонесуваат за постигнување на целите на Европскиот зелен договор. Исто така, помага да се дизајнираат потребните процедури во централната и локалната администрација и да се воспостават координативни структури кои се потребни за спроведување на зелените политики.

Европската Унија постави цели да достигне климатска неутралност до 2050 година и наложува земјите-членки да спроведат кохерентен сет на климатски политики. Европската комисија, преку Инструментот за техничка поддршка, им помага на националните власти да дизајнираат и спроведат реформи кои ги поддржуваат нивните климатски приоритети.

Како позитивни примери за поддршка на зелена транзиција во Европската Унија која се однесува и на бизнисите се посочуваат следните:

- Развивање климатска политика, вклучувајќи совети за климатски стратегии и акциони планови и поддршка за моделирање на емисиите на стакленички гасови
- Поддршка за користење на земјиштето и управување со шумите, вклучувајќи урбанистичко планирање, паметни градови и инвентар на шуми

[27] European Green Deal, European Commission

- Подобрување на заштитата на крајбрежјето, како и управување со ризикот од поплави и крајбрежна ерозија
- Развивање решенија засновани на природата за справување со топлотните бранови, сушата, поплавите и лошиот квалитет на воздухот во урбаните средини
- Имплементација на инструменти за финансирање во рамките на системот за тргување со емисии на ЕУ
- Поддршка на декарбонизација на електроенергетските системи, вклучително и дизајнирање пазари и регулаторни рамки погодни за обновливите извори на енергија
- Развивање на пазарни модели за поддршка за обновливи извори на енергија и инвестиции за енергетска ефикасност
- Развивање на национални енергетски и климатски планови, вклучувајќи аналитичко и енергетско моделирање
- Проценка на политиките за енергетски ефикасни системи за греење и ладење
- Зголемување на инвестициите за енергетска ефикасност во зградите
- Дефинирање на политики за одржлив транспорт / мобилност и алтернативни горива
- Зајакнување на внатрешниот воден транспорт и брзите железници

Она што е важно да се истакне е дека сите држави членки задолжително мора да придонесат во создавање на климатски неутрална економија, но побарувањата од нив зависи од фактот дали одредена држава или регион има интензивно јаглеродни индустрии. Доколку има, од нив се бараат дополнителни напори во борбата со климатските промени.

Дополнително, Европската Унија, преку дигиталните медиуми има објавено соопштение за зелената транзиција[28] во кое информира дека се залага за:

[28] Challenges & Opportunities of Green Transition & Digital Transformation, European Union

1. Промовирање на фер и инклузивна зелена транзиција

- Како примарни корисници и менаџери на природните ресурси, жените играат суштинска улога за адаптација на климатските промени и заштита на животната средина. Сепак, имаат бариери да учествуваат подеднакво во поврзаните процеси на управување од повеќе причини, вклучително и родови норми, несоодветни законски рамки, низок пристап до образование и сопственост на земјиште. Жените активистки ширум светот се залагаат за еколошки права, а младите жени го преземаат водството да се залагаат за промени. ЕУ се залага да дејствува на родовата димензија на заштита на животната средина и климатските промени, имајќи ги во предвид специфичните потреби и улоги на жените кои директно се потпираат на природните ресурси, особено промовирајќи го учеството и лидерството на девојките и жените со цел да се обезбедат родово одговорни стратегии за адаптација на климата, намалување на ризикот од катастрофи и инклузивно и одржливо управување со природните ресурси.

2. Спроведување на можности за јакнење на жените преку дигитализација

- Промовирањето на еднаков пристап на жените до неискористениот потенцијал на дигиталните технологии е централно прашање за дигиталната стратегија на ЕУ и за одржливиот раст. Дигиталните технологии и решенија може да го забрзаат напредокот во однос на родовата еднаквост и зајакнувањето на жените во области како што се образованието, вработувањето и претприемништвото и спречувањето и борбата против родово насилство. Тие можат да им помогнат на жените да се справат со итни случаи, како што се покажа во пандемијата COVID-19. Е-услугите, како што се дигиталните финансии, можат да создадат можности за економско зајакнување на жените преку подобрување на нивниот пристап и користење на финансиските услуги. Жените лоцирани во рурални или оддалечени области доживуваат тројна (дигитална, полова и рурална) дискриминација, соочувајќи се со огромни бариери во пристапот и употребата на дигиталните технологии, поради недостапноста, ниската дигитална писменост и социјалните норми. Покрај тоа, дигитализацијата носи и нови ризици и предизвици за родовата еднаквост поврзани со можните родови предрасуди преку вештачката интелигенција или со зголемувањето на родово насилство. ЕУ се залага за намалување на структурните бариери кои ја поткрепуваат дигиталната родова поделба и поддржува инклузивна и правична дигитална трансформација. Ова вклучува промовирање на родово одговорен партиципативен пристап во развојните политики, проекти и програми кои ја поддржуваат дигиталната трансформација на земјите партнери.

Платформа на женско претприемништво во рамки на т.н. Централниот регистар на население. Цел на наведеното е да се воспостави јавно-приватен дијалог во рамки на кој ќе се разгледа можноста за креирање на релевантна база и постоење на единствена евиденција на компании во сопственост или доминантно управувани од жени претприемачи, бидејќи овој податок е суштински за идно развивање на женското претприемништво а со години не може да се обезбеди поради несоодветна евиденција.

## Европска Банка за обнова и развој

Европската банка за обнова и развој заедно со меѓународните организации промовира родова еднаквост во областа на зелената транзиција. Имено, ЕБРД заедно со CDC Group и Евопската Инвестициска Банка ја создадоа платформата 2X Climate Finance Task Force[29], чија цел е да промовира родова еднаквост и поддршка на жените за инвестиции во климатските промени. Посочените институции подготвија toolkit – Gender-Smart Climate Finance Guide[30] како ново глобално индустриско тело за инвестирање во родова еднаквост.

Според Меѓународната финансиска корпорација (ИФЦ)[31], усогласувањето со Парискиот договор претставува околу 23 трилиони американски долари можности за климатски инвестиции во земјите во развој. Сепак, околу 85 отсто од бизнисите во сопственост на жени остануваат недоволно финансиски опслужени, што е еквивалентно на родовиот јаз за финансирање од 1,7 трилиони американски долари. Истражувањата исто така покажуваат дека компаниите со подобра родова разновидност на одборите имаат поголема веројатност да го намалат интензитетот на потрошувачката на енергија, емисиите на стакленички гасови и употребата на вода. Климатските инвестиции со родова леќа можат да генерираат приходи за инвеститорите и да донесат значителни придобивки за жените, преку ублажување на ризикот, поттикнување на додавање вредност и засилување на родово влијание и еднаквост.

Во исто време, жените претприемачи се најголемиот пазар во развој во светот. Според Европскиот институт за родова еднаквост, подобрувањето на родовата еднаквост би можело да го зголеми бруто домашниот производ по глава на жител до 12% во некои земји-членки на Европската унија до 2050 година, во износ од над 3 трилиони евра.[32]

---

[29] 2X Climate Finance Task Force
[30] Gender and climate finance toolkit
[31] Sustainability, International Finance Corporation, World Bank
[32] Economic benefits of gender equality in the EU, European Institute for gender equity

Родово паметни зелени финансии целат кон тоа да ги елиминираат родовите разлики и подобро да ги информираат жените за одлуките за инвестирање, што ќе доведе до подобри деловни резултати и инклузивен економски раст за време на трансформацијата во нето нула економии. Ова е насочено кон зелени кредитни линии наменети за жените претприемачи за поттикнување инвестиции во климатски технологии, до овозможување на жените да пристапат до зелени вештини и работни места во клучните сектори за раст и промовирање на интеграцијата на жените во дизајнот на зелените политики на ниво на компании и на национално ниво.

За да се овозможи поголема промоција на посоченото, ЕБРД објави родово паметен водич за климатски инвестиции и истиот опфаќа широк опсег на сектори, вклучувајќи вода, транспорт, енергија, инфраструктура, финансиски услуги, производство, биодиверзитет и зелени работни места (водичот може да се погледне на https://www.2xglobal.org/2x-green-toolkit).

# ЗАКЛУЧОЦИ

Од одржаната работна средба на секторската група Зелена транзиција на бизни-сите, како и спроведеното истражување за национални, регионални и меѓународни мерки, политики и инструменти кои се спроведуваат, може да се заклучи дека зелената транзиција на бизнисите ќе претставува иднина на патот бизнисите да останат конкурентни преку воведување на одржливи практики.

На национално ниво може да се идентификуваат почетоци за воведувањето на мерки кои ќе допринесат кон создавање услови за зелена транзиција на бизнисите, но се уште недостига конкретна поддршка за приватниот сектор да го спроведе овој процес, особена насочена кон поддршка на жените претприемачи. Имено, потребно е и прецизно да се определи врз основа на структурата на македонските компании и економија воопшто, што е тоа што може да се спроведе за еден бизнис да транзитира како зелен и биде дел од зелена економија. Процесот на зелената транзиција на бизнисите е неопходно да се спроведува истовремено и со менување на моделот на нашата економија односно македонското стопанство од аспект на тоа да постојат институционални и регулаторни услови за создавање на циркуларна економија.

Врз основа на големиот опфат на области на зелената транзиција, важно е да се посочи дека бизнисите од различни трговски сектори, на различен начин и преку различни инструменти може да спроведат зелена транзиција. Во оваа насока, при создавање на мерки за поддршка потребно е да се има секторски пристап и врз основа на карактеристиките и деловните операции во конкретен сектор да се создаваат специфични мерки за поддршка.

Во овој дел ќе бидат истакнати општи препораки, како и секторски препораки за поддршка на зелената транзиција на бизнисите, кои произлегуваат од истакнатите мислења и споделени искуства на жените претприемачи од секторската група Зелена транзиција на бизнисите.

Сумирано, главните два аспекта за препораки за Зелена транзиција на бизнисите се однесуваат на:

- Примена на реална дигитализација преку спроведување на комуникација и електронска поврзаност на државните институции кои даваат јавни услуги, а ги користи приватниот сектор
- Креирање на наменски мерки за финансиска поддршка за зелена транзиција на бизнисите во сопственост или доминантно управувани од жени претприемачи

# ПРЕПОРАКИ

## Генерални

1. Да се унапреди комуникацијата и координацијата на државните институции, локалната власт и меѓународни партнери со цел да се креираат и спроведат комплементарни активности кои ќе допринесат за создавање услови за зелена транзиција на бизнисите во македонското стопанство

2. Да се креираат кампањи за промоција на зелената транзиција и нејзините придобивки, насочени кон приватниот сектор, а со цел поголема циркулација на информации и запознавање со можностите за создавање зелен бизнис

3. Особено внимание да се посвети на едукација на сите релевантни страни за зелената транзиција и истата да се спроведува практично на терен со цел постигнување на ефикасност

4. Во соработка со училиштата, да се креираат насоки за организација на т.н. Натпревари за зелени идеи со цел да се поттикнат младите лица да размислуваат за зелена економија и придонесуваат за создавање на нови производи или услуги со зелена компонента

5. Да се создаде дијалог помеѓу училиштата, локалните власти и Министерството за образование и наука за воведување на аспекти од зелената транзиција во наставните програми

6. Да се креираат стимулативни мерки за едукација и специјализира тренинзи во рамки на стручно образование и обука, како и неформалното образование со цел релевантни организации да имаат можност да спроведуваат едукација на заинтересирани страни за зелена транзиција

7. За реална примена на дигитализацијата, секој дигитален документ издаден од соодветна државна институција да има важност и биде применлив во друга институција за која компаниите имаат потреба да го извадат

8. Да се промовираат јавно приватни партнерства како инструмент за остварување соработка за примена на зелена транзиција

9. Да се подготви анализа од страна на централната власт да во секое законско решение при издавање на документација истата да може да се спроведува по

електронски пат. Да се создаде техничка можност врз основа на анализата и потоа спроведат законски измени за имплементација на издавање електронска документација при користење на услуги од страна на бизнисите, а особено признавање на истите како валиден документ со цел елиминирање на бариера за спроведување на дигитални процеси кои влијаат негативно на бизнисите

10. За руралните региони и селата, Министерството за транспорти врски во соработка со општините во најбрз можен рок да подготви насоки за создавање на урбанистички планови. Во овој момент, во многу мал дел од овие области постојат планови и поради ова се создава бариера од аспект на припадност и користење на земјиште во истите, што пак претставува сериозна бариера за пристап до финансии потребна за аплицирање за добивање на средства

11. Давањето на финансиска поддршка за проекти за зелена транзиција или зелени бизнис идеи да се децентрализира односно да се даде можност покрај Фондот за иновации и технолошки развој и други релевантни страни (бизнис организации) да имаат пристап до зелени фондови и преку нив да постои можност да се дава финансиска поддршка на компаниите за зелена транзиција. Наведеното е од особена важност за зголемување на транспарентноста за пристап до финансии, како и минимизирање на ризикот од корупција и релевантна распределба на средствата на конкретни и квалитетни идеи

## Секторски

### *Индустрија и производи*

1. Да се креираат наменски субвенции/кредитни линии за зелена транзиција на бизнисите во сопственост или управувани од жени со ниски стапки, а особено со едноставни услови за аплицирање и минимизиран мониторинг насочен повеќе кон едукација наместо контрола

2. Да се креираат стимулативни мерки за спроведување на технолошки истражувања и развој на иновации во компаниите или во соработка со стручни институти и организации

3. Да се даде финансиска поддршка за испитувања во лаборатории во врска со производи кои имаат зелена компонента

4. Да се воведат измени во Законот за финансиска поддршка на инвестиции во делот да се вклучат и аспекти од зелената транзиција на бизнисите при планирање на инвестиции за кои може да биде дадена финансиска поддршка

5. Да се интензивира промоцијата за користење на обновливи извори на енергија со пристап до наменски средства за нивно воведување во деловните операции

***Земјоделство***

1. Да се спроведат активности за едукација на сите евидентирани или регистрирани земјоделски бизниси за значењето на зелената транзиција, а потоа врз основа на нивните потреби да се креираат наменски мерки за поддршка. За истото е потребен регионален пристап односно едукацијата да биде на терен од страна на локални координатори кои ги познаваат карактеристиките и потенцијалите на регионот, културата и нивото на свест на развој на бизнисите. За ова се препорачува соработка со локалните совети на Националната платформа за женско претприемништво

2. Да се овозможи дијалог на централно и локално ниво за надминување на предизвиците со земјиштето за обработка или користење за фарма

3. Да се формира Работна група за промена на системот за осигурување на земјоделското производство и ревидирање на Законот за осигурување

4. Да се формира Фонд во рамки на кои ќе се дава финансиска поддршка на жените претприемачи за осигурување на бизнисите

***ИКТ***

1. Да се идентификуваат и промовираат успешни приказни за спроведување на зелена транзиција (зелени процеси, дигитализација, заштита на животна средина преку технологии итн.) со цел да претставуваат мотив за планирање на инвестиции во насока на зелена транзиција на бизнисите од други сектори

2. Во креирањето на дигитални системи на национално ниво за поврзување на сите нивоа на власт и услугите кои се обезбедуваат за граѓаните и приватниот сектор, македонските ИТ компании да бидат во соодветен процент вклучени во изработката и одржувањето на дигиталните решенија

3. Да се поддржат креирањето на програми, апликации со кои ќе се промовира зелената транзиција на бизнисите

***Услуги***

1. Да се дигитализираат сите документи од сметководствено работење за кои има можност. Истото се однесува и на завршување на процесите за електронско поврзување на државните институции за услугите кои ги даваат, а се користат од

страна на сметководствените компании за обработка на сметководствените податоци на бизнисите. На овој начин ќе се допринесе за брз проток на информации и ќе се минимизира употребата на хартија.

2. Спроведување на реални дигитални процеси во рамки на кои државните институции се поврзани за издавање на документи за јавни услуги и истите се правно валидни и може да се користат за потребите на бизнисот врзани со услуга на друга институција

***Трговија***

1. Да се финализира текстот на Предлог Законот за донирање на вишок храна и започне процедура за негово донесување, со задолжително воведување на одредби за поврат на дополнителни 5% ДДВ
2. Да се продолжи со засилен интензитет на рециклирање отпад во соработка со сите компании во секторот трговија
3. Да се зајакне соработката со комуналните претпријатија и создадат можности за финансирање модернизација и нивна реорганизација со воведување на модерни методи за управување со отпад

***Туризам***

1. Да се креираат мерки за поддршка за применување на нови модерни дигитални решенија и практики кои на т.н. паметен начин ќе го промовираат туризмот
2. Да се креираат стимулативни мерки за воведување на нови начини на туризам преку одржлив развој и зелени практики

**Користена литература**

*Извори документи*


1. Национална платформа за женско претприемништво, www.weplatform.mk
2. Global Gender Gap Report 2023, World Economic Forum
3. Strategy for the Promotion of Gender Equality 2021-2025, European Bank for Reconstruction and Development
4. Climate Change 2022 Report, IPCC
5. Обединети Нации во Северна Македонија, www.northmacedonia.un.org
6. Студија "Патоказ за родово одговорна инвестициска клима", ЕБОР
7. WiB Program, EBRD
8. Национален Совет за одржлив развој, Влада на РСМ, 2022
9. Законот за животната средина (Сл.весник на РСМ бр. 53/2005....171/2022)
10. Закон за квалитет на амбиентниот воздух (Сл.весник на РСМ бр. 67/2004....151/2021)
11. Закон за заштита на природата (Сл.весник на РСМ бр. 67/2004....151/2021)
12. Закон за заштита од бучава во животната средина (Сл.весник на РСМ бр. 79/2007....151/2021)
13. Закон за управување со отпад (Сл.весник на РСМ бр.216/2021)
14. Закон за управување со отпад од батерии и акумулатори (Сл.весник на РСМ бр.176/2021)
15. Закон за управување со пакување и отпад од пакување (Сл.весник на РСМ бр.215/2021)
16. Закон за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема (Сл.весник на РСМ бр.176/2021)
17. Закон за управување со дополнителни текови на отпад (Сл.весник на РСМ бр. 216/2021...195/2022)

18. Закон за проширена одговорност на производителот за управување со посебни текови на отпад (Сл.весник на РСМ бр.215/2021)

19. Закон за води (Сл.весник на РСМ бр. 87/2008....151/2021)

20. Национален регистар на население, www.data.gov.mk

21. Implementing a Green Agenda for the Western Balkans, European Commission, 2022

22. ЦОР План за забрзување, Обединети Нации

23. Green Economy Financing Facility, GFF, EBRD

24. Соопштение, Фонд за иновации и технолошки развој, 2023

25. Закон за градење, Службен весник на РСМ бр.130/09... бр.111/23), Министерство за транспорт и врски

26. Правилник за обновливи извори на енергија, Службен весник на РСМ бр.112/19 и 240/22, Министерство за економија

27. Национален портал за е-услуги, www.uslugi.gov.mk

28. Јавен повик за субвенционирање на женско претприемништво за дигитализација на деловни процеси, Министерство за економија, 2023

29. Информации за процесите за дигитализација, Министерство за информатичко општество и администрација, 2023, www.digitalera.mioa.gov.mk

30. Привредна Комора Србије, www.pks.rs

31. Western Balkans Investment Framework, European Union

32. European Green Deal, European Commission

33. Challenges & Opportunities of Green Transition & Digital Transformation, European Union

34. 2X Climate Finance Task Force

35. Gender and climate finance toolkit

36. Sustainability, International Finance Corporation, World Bank

37. Economic benefits of gender equality in the EU, European Institute for gender equity

*Извори линкови*


1. www.northmacedonia.un.org
2. www.moepp.gov.mk
3. https://www.weforum.org/reports/global-gender-gap-report-2023
4. https://www.ebrd.com/work-with-us/projects/psd/wb-women-in-business-programme.html
5. https://www.vicepremier-ekonomija.gov.mk/?q=en/node/386
6. https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/system/files/2022-11/factsheet%20green%20agenda%20nov2022.pdf
7. http://www.greendevelopment.mk/mk/sdg-plan.aspx
8. https://sdginvest.jointsdgfund.org/proposals/green-financing-facility-improve-air-quality-combat-climate-change-north-macedonia
9. https://ebrdgeff.com/macedonia/mk/
10. https://fitr.mk/%D1%84%D0%B8%D1%82%D1%80-%D1%87%D0%B5%D0%BA%D0%BE%D1%80-%D0%BF%D0%BE%D0%B1%D0%BB%D0%B8%D1%81%D0%BA%D1%83-%D0%B4%D0%BE-%D0%B0%D0%BA%D1%80%D0%B5%D0%B4%D0%B8%D1%82%D0%B0%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%B2/
11. https://digitalera.mioa.gov.mk/
12. www.pks.rs
13. https://commission.europa.eu/strategy-and-policy/priorities-2019-2024/european-green-deal/delivering-european-green-deal_en
14. https://www.2xchallenge.org/gender-and-climate-taskforce
15. https://www.2xglobal.org/climate-toolkit-home
16. https://www.ifc.org/en/what-we-do/sector-expertise/sustainability

17. https://eige.europa.eu/publications-resources/publications/economic-benefits-gender-equality-eu-economic-benefits-gender-equality-eu-policy-context

NPWE
NATIONAL PLATFORM FOR WOMAN ENTREPRENEURSHIP

Целта на проектот е зајакнување на капацитетите на граѓанските организации за креирање предлог јавни политики и застапување во областа на женското претприемништво, со спој на постојните мрежи во единствена платформа што ќе претставува интерес на жените претприемачи на сите нивоа.